**Тања Јовановска** ........................................................................ 243

ПОЈАВАТА НА БЕЗДОМНИШТВО: ОСВРТ КОН РАБОТАТА НА ПУНКТОТ ЗА БЕЗДОМНИЦИ ВО МОМИН ПОТОК ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ – ДЕКЕМВРИ 2014
**Драгана Лазаревска** ................................................................... 245

КУЛТУРНАТА МАРГИНАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ДЕТЕРМИНИРАНА ОД АНДРОЦЕНТРИЗМОТ
**Гзим Џамбази** ............................................................................ 247

ИЗОБРАЖЕНИЕ БЫТА ДЕРЕВНИ В ПОВЕСТИ А. ВАРЛАМОВА «ДОМ В ДЕРЕВНЕ
**Татьяна Анатольевна Тернова** ................................................ 249

КОГА ИДЕОЛОГИЈАТА ЈА ЗАМЕНУВА РЕЛИГИЈАТА – СУДИРИТЕ СЕ ВО ЕКСПАНЗИЈА
**Марија Емилија Кукубајска** ..................................................... 250

## MEDIA AND COMUNICATION ........................... 253

МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И НА ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Весна Стефановска** .................................................................... 255

AUDIOVISUAL MEDIA MARKET IN ALBANIA: THE TRANSITION TO DIGITAL BROADCASTING - THE LEGAL FRAMEWORK AND CHALLENGES
**Endira Bushati** ............................................................................ 257

КОНСТИТУЦИОННО-ПРАВОВЫЕ ИНСТИТУТЫ В ИНФОРМАЦИОННОМ ОБЩЕСТВЕ
**Юрий Просвирнин** ...................................................................... 258

NEW MEDIA – OPORTUNITIES AND CHALLENGES OF MODERN BUSINESS ORGANIZATION MANAGEMENT
**Yanica Petkova Dimitrova** ........................................................ 260

THE IMPORTANCE OF EFFECTIVE COMMUNICATION IN PRIJECT MANAGEMENT
**Lilyana Stankova** .......................................................................... 261

NEW MEDIA – NEW CHALLENGES IN KAZAKHSTAN
**Saule Barlybayeva, Karlyga Myssayeva** .................................. 262

МЕДИУМИТЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА: ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Сузана Џамтоска-Здравковска, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова** ........................................................................................ 264

ЈАЗИЧНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА НОВИНАРСКИТЕ ТЕКСТОВИ КОИ ГИ ТРЕТИРААТ ЕВРОАТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ
**Светлана Јакимовска** ............................................................. 267

MEDIA AND POLITICAL CHANGES IN THE BULGARIAN SOCIETY FROM 1989 TO 2015
**Hristina Stancheva Bogova** ........................................................ 268

ЈАЗИЦИТЕ- МОСТОВИ И ЅИДОВИ ВО КОМУНИКАЦИЈАТА
**Драгана Кузмановска, Биљана Иванова, Снежана Кирова** ......................................................................................................... 270

ANALYSIS OF THE DEVELOPMENT OF THE CONCEPT OF THE INFORMATION SOCIETY IN WORKS BY Y. MASUDA, M. CASTELLS, W. G. MARTIN
**Anastasia Vasiliyevna Petukhova, Svetlana Krepysheva** ........ 272

DEMETROPOLIZATION OF CULTURE IN THE PRINT MEDIA IN MACEDONIA
**Andon Majhoshev, Suzana Dzamtoska-Zdravkovska** ............. 273

# ГРАЃАНСКАТА ПАРТИЦИПАТИВНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Страшко Стојановски**
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Македонија
e-mail: strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Јован Ананиев**
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Македонија
e-mail: jovan.ananiev@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Трудот се темели на истражување спроведено во рамките на проектот „Транспарентност и партиципативност во процесот на носење на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион на Р. Македонија“. Резултатите од истражувањето упатуваат на недоволна инволвираност на граѓаните во процесот на донесување на одлуки во општините. Исто така, постои недостаток на соработка на локалните администрации и носотелите на политички одлуки со граѓанскиот сектор. Но исто така мора да се забележи дека засилената политизација силно влијае за недостаток на партиципативност и желба за учество во процесот на донесување на одлуките кај индивидуалните граѓани, но и недостаток на капацитети на Невладините организации, особено оние кои се наоѓаат во помалите и рурални општини.

***Клучни зборови:*** *Општини, граѓанска партиципативност, донесување на одлуки, Граѓански организации, демократија.*

# CITIZENS PARTICIPATION IN DECISION MAKING PROCESS OF SELF-GOVEMMENT UNITS IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Strashko Stojanovski**
Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
e-mail: strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Jovan Ananiev**
Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
e-mail: jovan.ananiev@ugd.edu.mk

**Abstract**
This paper is based on the research conducted in the framework of the project "Transparency and participativity in decision making process in Self-government units in East planning region of Republic of Macedonia". the research results are pointing toward citizens exclusion in decision making process on municipality level. Also, there is lack of cooperation of local administration and political functionaries with the civil sector. But, also we must notice the strong politization influence for lack of participativity and wish of decision making involvement of individual citizens, but and not enough capacity of Civil sector, especially in the small rural municipalities.

***Keywords:*** *Municipality, civil participativity, decision making process, civil organizations, democracy.*

## Методологија

Овој труд се темели на истражувањето „Транспарентност и партиципативност во процесот на донесување на одлуки во Единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион во Република Македонија", спроведено на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Оттука презентирани се податоци добиени врз основа да два анкетни прашалници и спроведени интервјуа на членови невладини организации во општините на Источниот плански регион на Република

Македонија. Првиот анкетен прашалник е спроведен во периодот 2014/2015 година на просторот на општините во Источниот плански, или т.н. Брегалнички регион, при што беа опфатени 288 испитаници, граѓани на населените места во општините: Штип, Карбинци, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Зрновци, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Пехчево и Берово. Испитаниците се одбрани по случаен избор. Во рамките на анкетниот прашалник беа поставени 22 прашања, кои се однесуваат на ставови на граѓаните во врска со нивното учество во донесувањето на одлуки на локално ниво, но и ставови за функционирањето на локалната администрација, совети и градоначалници.

Вториот прашалник се однесува на вработените на локалната администрација во Единиците на локална самоуправа на Источниот плански регион, при што беа опфатени 144 испитаници, членови на локалната администрација во општините: Штип, Карбинци, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Зрновци, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Пехчево и Берово. Во рамките на анкетниот прашалник беа поставени 44 прашања, кои се однесуваат на ставови на членовите на локалната администрација во врска со нивното учество во донесувањето на одлуки на локално ниво, како и ставови за прашања од сферата на функционирањето на локалната администрација.

**Резултати од истражувањето**

На прашањето **Дали некогаш сте учествувале во граѓанска иницијатива за прашања кои се поврзани со донесувањето на одлуки во вашата општина?,** само 19, 4 % од испитаниците граѓани одговориле дека учествувале во некаква граѓанска иницијатива, додека поголемиот дел, или 74, 7 % тврдат дека никогаш не учествувале во вакви иницијативи за донесување на одлуки од значење за нивната општина (График 1). Иако нема поголеми осцилации во ставовите, забележливо е дека се зголемувањето на возраста се забележува благо зголемување на учеството во граѓански иницијативи. Слична е состојбата и кога се работи за урбано-руралниот карактер на испитаниците. Она што е забележливо е дека традиционализацијата на односите во општеството ја отсликува состојбата на постоење на разлика во граѓанската партиципативност во полза на машкиот пол. Така, 24 % од испитаниците од машки пол тврдат дека учествувале во граѓанска иницијатива поврзана со донесување на одлуки во општините, додека само 13, 8 % од женскиот пол потврдно одговориле на ова прашање.

График 1




Фактот дека е низок процентот на граѓани кои партиципирале во граѓанска иницијатива која би резултирала со донесување на некоја одлука на локално ниво, зборува за голема политичка апатичност и незаинтересираност на граѓаните, дури и кога се работи за прашања од локален интерес. Сепак треба да се забележи дека интересот се зголемува во ситуации кога граѓанинот го препознава потесниот личен интерес. Зголемувањето на интересот на индивидуалните граѓани за општото јавно добро е можеби еден од клучните елементи за зголемувањето на демократските капацитети на општеството, особено на локално ниво. Сепак, во овој дел мора да се забележи дека преголемата општествена политицираност, што доведува до политичка поларизација, како и недоволните капацитети и интерес на локалната администрација и носители на политички функции, придонесуваат за ниското ниво на граѓанска партиципативност во процесот на донесување на одлуки. Токму за последното тврдење индикации ќе најдеме во прашањата кои следуваат.

Исто така низок е процентот на граѓани кои учествувале на референдум за прашања од локално значење. Само 19, 1 % од испитаниците одговориле потврдно, додека на ваков вид референдум не учествувале 76, 4 % од испитаниците (График 2). Забележливо е отстапување само кај испитаниците од општината Чешиново – Облешево, каде дур 60 % од испитаниците тврдат дека учествувале на референдум за локални прашања. Ова е за очекување, доколку се има во обзир големата активност во оваа општина при донесувањето на последниот закон за територијалната распределба на единиците на локалната

самоуправа во Република Македонија, кога постојните општини Чешиново и Облешево беа споени во нова општина Чешиново-Облешево. Ова наиде на големи и жестоки реакции на граѓаните на двете општини, особено на оние кои доаѓаа од претходната општина Чешиново. Покрај блокадите на магистралните паришта, кои поминуваат во атарот на овие населени места, беше одржан и референдум, на кој граѓаните се изјаснија негативно за новата територијална распределба. Сепак желбите на граѓаните не беа почитувани од законодавецот, а со новиот закон за територијална организација беше создадена новата општина Чешиново-Облешево.

Иако референдумот како форма на непосредна демократија, поради обемноста на организацијата, не може често да се организира централно, национално ниво, мора да се забележи дека како форма на демократска партиципација на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво, ваквата форма на граѓанска партиципативност може полесно да се организира и менаџира, поради што е препорачливо и почесто да се користи.

График 2




Учеството на НВО во процесот на донесување на одлуки од значење за Единиците на локалната самоуправа, многу често е само декларативно. На пример, НВО се вклучени при донесувањето на Локалните акциони планови, при што често се прифаќаат и нивните предлози, но истите не се спроведуваат

во фазата на реализација. Еден од главните проблеми се однесува на транспарентноста во следењето на степенот на реализација на одобрените проекти, односно не постојат извештаи за динамиката и степенот на реализираните проекти финансирани од општинскиот буџет. Основната причина за ваквата состојба е недовербата на локалните органи на власта во НВО, недостатокот на политичка култура на партиципирање, понекогаш недоволниот капацитет на локалните НВО (особено во помалите, т.н. рурални општини), но и желбата на локалните власти за монополизација во процесот на носење на одлуки.

Сепак, општините најчесто ја поттикнуваат граѓанската партиципативност преку:

- Повици до месните заедници да ги изнесат проблемите;
- Вообичаено, во зависност од приоритетите, месните заедници и НВО контактираат директно со градоначалникот;
- Организирање на форуми, како што на пример е „Форумот на заедници";
- Вклучување на НВО и граѓаните во рамките на работни групи, кои се однесуваат на најразлични прашања, на пр. образование, економија, труд и социјала, млади и слично.

Основниот недостаток во комуникацијата на НВО и граѓаните со градоначалникот и советниците е недостатокот од формална комуникација. Најчесто средбите се одвиваат непосредно без соодветна писмена процедура (барања, записници и сл.), што придонесува за недоволно процесирање и реализирање на нивните барања и приоритети.

Што се однесува до капацитетот на НВО на локално ниво, постои тенденција на недоволна меѓусебна вмреженост и соработка, а исто така евидентен е недостатокот на кадровски потенцијали и активност на НВО во помалите и руралните општини. Охрабрувачки е податокот дека дел од граѓанските организации имаат изградено успешна соработка со слични организации во соседната Р. Бугарија. Ова се должи на можноста за реализација на меѓугранични проекти финансирани и подржани од ЕУ фондовите.

Генерално граѓанските организации имаат комуникација со Единиците на локалната самоуправа и истата најчесто се одвива директно со градоначалникот. При ваквите средби дел од предложените иницијативи и проекти се прифаќаат. Иако општините имаат изградено механизми за информирање на граѓаните, сепак нивната транспарентност од страна на интервјуираните претставници на НВО е оценета како недоволна. Ова особено се однесува на процесот на донесување на Буџетите и динамиката на нивното

реализирање. Според резултатите од спроведеното истражување транспарентноста на општината може да се подобри преку вклучување на НВО во работата на општинските комисии, со што Единиците на локалната самоуправа:

- Ќе добијат знаења за приоритетните проблеми;
- Ќе добијат можни решенија за проблемите и приоритетите, кои би потекнале од стручни лица кои ја обработуваат проблематиката во рамките на НВО;
- Ќе добијат поддршка во подоцнежните фази на имплементацијата на донесените решенија.

Со 63, 9 % од испитаниците, граѓаните тврдат дека делумно се запознаени со одлуките кои ги донесува нивната општина, додека 20, 8 % тврдат дека воопшто не се запознаени со она што нивната општина го донесува и работи. Најдобро запознаени се граѓаните на општините Кочани, Пробиштип, Македонска Каменица и Берово, додека најмалку запознаени се граѓаните на општините Карбинци, Делчево и Пехчево (График 3).

Само 16, 3 % од граѓаните имаат поднесено писмена претставка до некој од органите на локалната самоуправа, додека високи 79, 9 % од испитаниците никогаш не поднеле писмена претставка. Она што треба да се забележи е дека во поголемите урбани општини, како Штип со 91, 9 % од испитаниците никогаш немаат поднесено писмена претставка, или тоа се 84, 6 % од граѓаните на општина Виница и 80 % од граѓаните на општина Кочани. На ова прашање се надополнува и прашањето **На кој начин најчесто ги изнесувате вашите барања (предлози, иницијативи или забелешки) упатени до органите на вашата општина?** Притоа граѓаните го преферираат усмениот, помалку формален начин на обраќање. 38, 9 % од испитаниците, нивните предлози, иницијативи и забелешки ги упатуваат по устен пат, додека 34, 7 % ова најчесто го прават по писмен пат.

График 3




Забелешките и предлозите од граѓаните најчесто се упатени до општинската администрација и градоначалникот, а поретко до останатите органи и тела на општината. Така на прашањето **До кого најчесто се упатени вашите забелешки и иницијативи?,** 32, 3 % одговориле дека тоа е локалната администрација, 28, 5 % се обраќаат во прв ред на градоначалникот, додека До советник во општинскиот совет одговориле само 13, 9 % (График 4). Највисок процент од граѓаните кои преферираат да се обраќаат на нивниот градоначалник се граѓаните на општините Берово со 58, 3 %, 54, 5 % во општина Зрновци, 50 % во општина Пехчево, 46, 2 % во општината Виница и 41, 7 % во општината Чешиново- Облешево. Општинската администрација, како најпрефереирано место кај што граѓаните можат да се обратат за своите прашања и предлози се општините Македонска Каменица со 58, 8 %, Карбинци со 40 % и Штип со 37, 8 %, Забележливо е дека во помалите општини граѓаните преферираат да се обраќаат до градоначалникот, што очигледно е последица на малиот број на жители што по автоматизам значи и полесен пристап до градоначалникот, понатаму може да укаже на отвореноста на градоначалникот, но исто ваквата состојба така претставува проблем бидејќи е сериозен индикатор за централизација на процесот на донесување на одлуките во ваквите општини, што долгорочно влијае негативно за демократизацијата на локално

ниво и може негативно да влијае врз транспарентноста и партиципативноста воопшто. Во овој дел треба да се наспомене дека помладата категорија на граѓани до 35 годишна возраст, подеднакво преферира да се обраќа и на општинската администрација и на градоначалникот, граѓаните на возраст од 35 до 55 години преферираат за своите проблеми и предлози да се обратат на општинската администрација, додека повозрасните граѓани над 55 годишна возраст преферираат да се обраќаат на градоначалникот.

График 4




Силен индикатор за транспарентноста на општинските органи е постоењето на соодветно место за поплаки и забелешки. На прашањето **Дали постои место за поплаки од работењето на администрацијата?,** со Да одговориле 28, 1 % од испитаниците, негативно одговориле 24, 3 % од испитаниците, но она што загрижува се 44, 8 % од граѓаните кои не знаат дали постои вакво место (График 5). Последното е силен индикатор дека општините треба да работат на информирање на граѓаните за можноста да упатат соодветна критика и забелешка до повисоките раководни општински структири за работата на општинската администрација.

График 5




Кога се работи за транспарентноста и одговорноста н алокалните административни работници, беа поставени неколку прашања. На прашањето **Дали постои систем на евалуација во единицте на локалната самоуправа?,** 22, 9 % одговориле со Да, дека ваков систем на евалуација не постои тврдат 25, 7 % и високи 45, 1 % од испитаниците не знаат дали постои систем на оценување. Сепак, кога се работи за комуникација со јавноста, високи 69, 4 % од испитаниците тврдат дека во општината во која работат постои лице надлежно за надворешна комуникација со јавноста. Сепак на прашањето **Дали постои процедура за следење на задоволството на граганите од услугите што ги дава администрацијата во општината?,** 31, 9 % тврдат дека постои ваква процедура, 29, 9 % тврдат дека ваква процедура не постои и 31, 9 % одговориле со Не знам (График 6).

График 6




Еден од најважните фактори кој влијае за перцепцијата на граѓаните за тоа колку се информирани за работата на општината и нејзините органи и тела, се каналите преку кои граѓаните добиваат информации. На прашањето **Како најчето добивате информации за плановите програмите и одлуките кои ги донесува вашата општина?** (График 7), 8 % од испитаниците одгоцориле дека информациите најчесто ги добиваат од општинските службеници, информации добиваат директно на средбите со градоначалникот и членовите на советот 8, 7 % од испитаниците, 18, 8 % од испитаниците тврдат дека се информираат од официјалната веб страна на општината, а дури 40, 6 % од испитаниците примарно се информираат од локалните и регионални медиуми. Само 12, 2 % од испитаниците тврдат дека не добиваат никакви информации.

Овој дел од истражувањето укажува дека постојат канали преку кои граѓаните можат да се информираат за работата на општинските органи. На овој начин и се претпоставува дека овие механизми можат да се искористат за зголемување на нивото на транспарентност и отчетност на општините, но и можност за поголемо инволвирање на самите граѓани, со што би се зголемила партиципативноста и подобрил процесот на донесување на одлуки во насока на суштинска демократизација на локално ниво. Сепак остануваат забелешките дека општините недоволно ги користат комуникациските канали кои се преферирани од граѓаните. Тука во прв ред се локалните и регионални

медиуми, кои можат да одиграат клучна улога во процесот на демократизација и подигање на степенот на транспарентност. Сепак охрабрува високиот процент на граѓани кои за информирање ги користат официјалните општински веб страници.

График 7




Постои поделеност околу прашањето упатено до администрацијата **Дали е воспоставен стандард за квалитет во единиците на локалната самоуправа,** 29, 2 % тврдат дека ваков стандард Целосно постои, Делумно постои за 24, 3 % од испитаниците, со Не знам одговориле 22, 9 %, а според 18, 8 %од испитаниците ваквите стандарди за квалитет воопшто не се воспоставени. На ова се надополнува прашањето **Дали е постои пишана процедура за остварување на внатрешна комуникација помеѓу администрацијата во единиците на локалната самоуправа?,** на кое 46, 5 % одговориле со Да, 30, 6 % негативно, а со Не знам одговориле 17, 4 % од испитаниците. Во График 8 може да се види ситуацијата по општини.

График 8




Последните три прашања се однесуваат на перцепциите на граѓаните за транспарентноста и отчитноста на градоначалникот, општинските совети и локалната администрација. Веднаш мораме да забележиме дека перцепциите на граѓаните се речиси подеднакви и во однос на градоначалникот, и на општинските совети, и на локалната администрација. Притоа доминира оценката „Делумно пристапни". Во однос на работата на градоначалниците 26, 7 % ги оцениле како „Секогаш приспапни", а 21, 2 % како „Воопшто непристапни". Кај советниците „Секогаш пристапни и транспарентни" ги оцениле 13, 2 %, а како „Воопшто непристапни и нетранспарентни" 22, 6 % од испитаниците. На крајот кај администрацијата, општото мислење во регионот дека се „Секогаш пристапни и транспарентни" мислат 18, 4 % од испитаниците, а како „Воопшто непристапни и нетранспарентни" ги оцениле 19, 4 % од граѓаните.

## Заклучок

Еден од клучните проблеми со кои се соочува локалната администрација во Република Македонија е прашањето на транспарентноста во процесот на донесување на одлуки, но и нивото на партиципативност, како на граѓаните во однос на локалните власти и администрација, така и на самата администрација

во рамките на внатрешните процедури во рамките на Единиците на локалната самоуправа.

Од спроведеното истражување може да се забележи дека недоволно се развиени внатрешните процедури, особено кога се работи за писмени процедури во самиот процес на креирање и донесување на одлуки. Иако според перцепциите на вработените на локалната администрација Единиците на локалната самоуправа се солидно екипирани, но она што недостасува се соодветни квалификации, подобар систем на внатрешна организација и подобро развиен систем за мотивација на вработените во администрацијата.

Она што силно е изразено е дека посебно внимание треба да се обрати на градењето на систем за проследување на барањата и иницијативите од граѓаните. Ова се надополнува со непостоењето на доволно изграден мерит систем на награди и казни за локалната администрација, што силно би влијаело врз степенот на мотивација. Но исто така потребно е посебно внимание да се посвети на континуирано образување преку обуки и практична размена на искуствата на локалната администрација, особено во рамките на регионите.

Учеството на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво е можеби најдобриот начин да се развијат демократските капацитети во едно општество. во случајот на Единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион на Република Македонија имаме повеќе индикатори кои укажуваат на нивото на транспарентност на општините и нивните органи и тела, што пак придонесува за степенот на инволвирање на граѓаните во самиот процес на донесување на одлуки.

Според ова истражување многу е мал процентот на граѓани кои учествувале во некаков облик на граѓанска иницијатива или референдум на локално ниво. Ова може да се должи на високиот степен на политизација и политичка диференцијација во општеството, понатаму централизацијата во процесот на донесување на одлуки, но и високиот степен на апатија кај граѓаните кога се работи за прашања од заеднички јавен интерес. Сепак, најголемиот дел од граѓаните имале потреба од услугите на локалната администрација, а ваквите услуги најчесто ги користат неколку пати во текот на годината.

Граѓаните делумно се запознаени со одлуките кои се донесуваат од општинските органи, а за истите најчесто се информираат од локалните и регионални телевизии, но исто така значаен начин на информирање се и официјалните веб страници на општините. Сепак граѓаните се недоволно информирани за можноста да ги изнесат своите забелешки и поплаки за работата на локалната администрација.

Најчесто граѓаните своите иницијативи, предлози и забелешки ги упатуваат на помалку формален устен начин, а истите најчесто ги упатуваат до локалната администрација и градоначалниците. Последното упатува на одреден степен на централизација, што особено е изразено во помалите општини. Сепак, се чини она што најмногу загрижува, е слабата активност на урбаните месни заедници, што подеднакво се должи на слабиот интерес на општините и лошата организација, но и отсуството на граѓанска иницијативност и чувство на граѓаните за општиот јавен интерес.

**Препораки**

Врз основа на спроведеното истражување и изведените заклучоци, а во однос на подобрување на транспарентноста на општинските органи и партиципативноста на граѓаните во процесот на донесување на одлуки, можеме да ги дадеме следните препораки:

- Поттикнување на граѓанската партиципативност преку реструктурирање и поттикнување за функционирање на урбаните месни заедници, како и поголемо инволвирање на граѓаните во истите;
- Децентрализација на отчитноста од градоначалникот кон општинските совети, локалната администрација и урбаните месни заедници;
- Зајакнување на улогата на членовите на општинските совети во делот на транспарентноста и инволвираноста во суштинското креирање на политики;
- Воведување на писмена процедура на комуникација на сите нивоа на функционирање на јавната администрација. Ова е особено важно кога се работи за процесирање на барањата и предлозите од граѓаните и при одржувањето на полуформалните, но и формалните состаноци, за кои многу често не се води соодветен записник. На ваков начин ќе се зголемат можностите за утврдување на одговорноста кај локалните административци.
- Јасно и транспарентно утврдување на соодветно место за жалби, поплаки и предлози кое ќе функционира во секоја општина.
- Општините потребно е да ја подобрат транспарентноста, од чисто информативниот карактер во насока на охрабрување на граѓанската партиципативност;
- Вклучување на граѓанските организации во работата на општинските комисии.